Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-104/3
12.03.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 104/1 од 17.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-104/1 од 17.01.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

### Образложение

[redacted] на 17.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-104/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителката достави Барање бр. 08-104/2 од 13.02.2024 година за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk